ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО 3022
GJYKATA THEMELORE KRUSHEVË

| Примено: Pranuar: | 03 -09- 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia.Org | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlera: |
| СПИ-11/24 | | | |

( Образец ПП……)

**До: Основен суд**

**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: **Наташа Бошкова Бардовци ул. 2 бр. 143, 1000 Скопје natasa.boskova@gmail.com**

(се наведуваатподатоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваатподатоци за можниотзастапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободенпристап до информации од јавенкарактер(Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следнатаинформација од јавенкарактер:

1. Колку вкупно кривични постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство се водени пред вашиот суд во периодот **1 јануари 2024- 31 август 2024 година**?
2. Каква е социјалната структура на жртвите во кривичните постапки кои се водени пред вашиот суд во периодот **1 јануари 2024- 31 август 2024 година**, разделена по пол, возраст, етничка припадност, и други карактеристики?
3. Во колку од кривичните постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство жртвите во периодот **1 јануари 2024- 31 август 2024 година**дале изјава пред суд? Во колку од случаите жртвите дале изјава во присуство на адвокат или придружник?
4. Во колку од кривичните постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот **1 јануари 2024- 31 август 2024 година** жртвите биле застапувани од адвокат?
5. Во колку од случаите на родово-базирано насилство и семејно насилство, во периодот **1 јануари 2024- 31 август 2024 година**, жртвата добила посебна заштита при давање на исказ преку аудио визуелни средства со цел спречување на дополнителна виктимизација?
6. Во колку од постапките за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот од **1 јануари -31 август 2024 година** биле применети посебни мерки за заштита на жртвата, жртвата била ставена во програма за заштитен сведок или други мерки за заштита на жртвата?
7. Во колку од постапките за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот **1 јануари- 31 август 2024 година**судот стапил во контакт со други институции и/или организации и обезбедило услуги за психосоцијална или друг вид поддршка на жртвите?
8. Во колку од постапките за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот **1 јануари 2024-31 август 2024 година** жртвата се откажала од гонење на сторителот на насилството?
9. За колку од постапките за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот **1 јануари 2024-31 август 2024 година**судот донел

пресуда? Колку од овие пресуди се осудителни, а колку пресуди се донесени за ослободување на обвинетиот?

10. Во колку постапки во периодот **1 јануари 2024-31 август 2024 година**жртвата/оштетена предјавила имотно-правно побарување? Во колку од нив судот го усвоил барањето, а во колку случаи ја упатил жртвата ова право да го остварува во граѓанска постапка?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронскизапис**
- д) друго ________________________________________

(се наведувабараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведувабараниот начин, со заокружување)

Правнапоука: Барателот не е должен да гообразложибарањето, но е потребно да наведе дека се работиза Барање за слободенпристап до информација од јавенкарактер.

**Во Скопје, 02.09.2024 година**

**Потпис**

________________________________________

(доколкубарањето се поднесува во хартиена форма)

Исп. 05.09.2024

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. GoceDellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. GoceDelcev no.18 Skopje, PO.Box.561
Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/GoceDelcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 455, +389 2 3114 538, факс/fax:3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail:komspi@komspi.mk

ОСНОВЕН СУД
СПИ-11/24
Крушево

До
Наташа Бошкова
С К О П Ј Е

З А П И С Н И К
од 11.09.2024 год.

Врз основа на чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со Вашето барање од 03.09.2024 год, имателот на бараната информација од јавен карактер Основен суд –Крушево ја дава следната информација од јавен карактер:

.-Во Основен суд Крушево не се водел нити еден кривичен предмет поврзан со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот од 01.01.до 31.08.2024 год.

Со почит,

11.09.2024 год.

Имател на информација,
ОСНОВЕН СУД -КРУШЕВО
Службено лице,
Костандина Тасеска